HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT I REPUBLIKËS SË MAKEDONISË
MAKEDONYA CUMHURİYETİ'NİN HELSINKI İNSAN HAKLARI KOMİTESİ
COMITET DI HELSINKI TI- NDREPTULI-A OMLUIDIREPUBLICA MACHEDONIA
HELSINŠKO COMITETI BAŠO E MANUŠENGERE NEJAMIJA KI REPUBLKA MAKEDONIJA
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЉУДСКА ПРАВА РЕПУБЛИКЕ МАКЕДОНИЈЕ
Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

Месечен извештај за човековите права во Република Македонија
МАРТ-АПРИЛ 2018

## СОДРЖИНА

ПРАВОСУДСТВО

- Поништено решение за лустрација со пресуда од Управен суд

ДИСКРИМИНАЦИЈА

- Дискриминација на жените во сите општествени процеси
- Работничките/ците кои користат отсуство поради бременост имаат право на регрес за годишен одмор

ПОЛИЦИЈА

- Повреда на Законот за правдата на децата при постапување на полициски службеници

МЕДИУМИ

- Осуда за насловната страна на „Слободен печат"

БЕГАЛЦИ, МИГРАНТИ И БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ

ПРАВА НА ДЕЦА

- Повреда на начелото на најдобар интерес на детето во образовен процес

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

# ПРАВОСУДСТВО

## ПОНИШТЕНО РЕШЕНИЕ ЗА ЛУСТРАЦИЈА СО ПРЕСУДА НА УПРАВНИОТ СУД

По барањето поднесено од страна на г. Петар Карајанов за повторување на постапката пред Управниот суд, а по основ на донесената пресуда од страна на Европскиот суд за човекови права од 6 април 2017 година во кој процес на застапување на апликантот Хелсиншкиот комитет активно беше вклучен, Управниот суд на ден 14 март 2018 година одржа усна, јавна расправа со цел со сигурност да се разјасни состојбата на работите и да се потврдат фактите врз кои се заснова барањето на тужителот за повторување на постапката, притоа постапувајќи согласно член 39-а во врска со член 40 од Законот за управните спорови. Управниот суд, по одржаната јавна расправа на ден 14.03.2018 година, донесе пресуда, со која го уважи барањето на тужителот за повторување на постапката, претходната пресуда на Управниот суд од 29 јануари 2014 година со која беше потврдено Решението на Комисијата за верификација на факти за лустрација на апликантот во целост го стави вон сила и го поништи Решението на Комисијата за верификација на фактите од 27 март 2013 година. Воедно, Управниот суд го задолжи Министерството за информатичко општество и администрација, да го отстрани Решението на Комисијата за верификација на фактите бр.07-908/1 од 27 мај 2013 година од интернет страницата www.kvf.org.mk, објавена на 30 мај 2013 година, во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата.

Хелсиншкиот комитет за човекови права, кој беше активно вклучен во процесот на застапување на апликантот пред Европскиот суд за човекови права во овој случај ја поздравува оваа пресуда на Управниот суд со која се анулираат суштинските повреди на Европската конвенција за човекови права, како од аспект на севкупната неправичност на домашната постапка за лустрација на апликантот по членот 6 од Конвенцијата, така и во делот на повредата на правото на почитување на неговиот приватен и семеен живот, кое беше повредено со објавувањето на решението на Лустрациската комисија на интернет-страницата на Комисијата уште на денот на неговото донесување, односно пред таа да стане конечна и правосилна.

**Препорака:** Со оваа пресуда се потврдија наодите на ЕСЧП во поглед на констатираните повреди и преку нивното анулирање се направи чекор напред кон ефикасното извршување на оваа пресуда. Во таа смисла, Хелсиншкиот комитет за човекови права особено го охрабрува Управниот суд да продолжи со одржувањето на усни, јавни расправи и во иднина, особено кога околностите на случајот ја наложуваат таквата потреба заради разјаснување на спорните фактички прашања кои се од суштествено значење за исходот на самата постапка.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

# ДИСКРИМИНАЦИЈА

## ДИСКРИМИНАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ ВО СИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ПРОЦЕСИ

Во месец март по повод 8 март, Хелсиншкиот комитет посочи на состојбата на жените во државата и фактот што жените во Република Македонија сè уште се соочуваат со дискриминација врз основа на пол и род во сите општествени процеси, без притоа да имаат заштита на нивните права. Текстилните работнички, жените од руралните средини, жените Ромки, жените жртви на насилство, жените со попречености спаѓаат меѓу најранливите групи во нашето општество, за кои државата сè уште не презема суштински мерки кои би го подобриле нивниот социјален и општествен статус. Образованието останува недостапно за голем број девојчиња, факт кој најчесто се должи на непристапноста на образовните објекти, како и поради испишувањето на голем број ученички како резултат на сиромаштија или стапување во малолетнички бракови. Ратификувањето на Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и борба против насилството врз жената и семејното насилство, позната како Истанбулска конвенција, претставува најзначајниот чекор кој го направи оваа влада во борбата со насилството врз жените и домашното насилство. Сепак, во изминатиот период јавноста беше сведок на неколку случаи на насилство врз жени, вклучително и сексуално насилство врз малолетно девојче штитеник на Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми „25 Мај", кои претставуваат само примери на целосно нефункционалниот систем за грижа и заштита на жените и девојчињата.

Според податоците, 78 % од жртвите на физичко насилство се жени, додека 98 % од сторителите на семејно насилство се мажи. Од 2008 до 2016 година, регистрирани се 70 фемициди, од кои 15 се случиле само во периодот 2013 – 2016. Над 3/4 од случаите на семејно насилство не се пријавени во ниту една јавно достапна служба. Најчестата причина пак поради која девојчињата го напуштаат училиштето се малолетничките бракови. Понатаму 81% од вработените во текстилната, кожарската и чевларската индустрија се жени и тие се едни од најниско платените работнички со 35 % пониска просечна плата од просечната плата на државно ниво.

**<u>Препорака:</u>** Од овие причини бараме државата итно да започне со промена на законската рамка и собирање на статистички податоци за регистрирање на сите форми на родово базирано насилство, да обезбеди сервиси за жените и девојчињата жртви на насилство и да им обезбеди заштита на сите жени чии права секојдневно се прекршуваат.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

## РАБОТНИЧКИТЕ/ЦИТЕ КОИ КОРИСТАТ ОТСУСТВО ПОРАДИ БРЕМЕНОСТ ИМААТ ПРАВО НА РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР

Комисијата за толкување на општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството на состанок одржан на 06.03.2018 одлучи дека жените кои користат отсуство поради бременост и раѓање (односно се на породилно отсуство), а се во работен однос шест месеци кај ист работодавач во календарската година имаат право на исплата на надомест за регрес за годишен одмор, исто така познат како К-15. На состанокот членовите на Комисијата исткнале дека треба да се користи толкувањето на Комисијата за примена на регрес и допрецизирање на толкувањето од 2015 година, согласно кое жените кои користат отсуство поради бременост и раѓање имаат право на исплата на регрес за годишен одмор.

Воедно, Министерството за труд и социјална политика испратило барање до Државниот трудов инспекторат за известување на инспекторите за воедначена примена на оваа одредба од колективниот договор.

Согласно толкувањето на Комисијата, Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството е задолжителен за сите работодавачи и работници кои работат во приватниот сектор од областа на стопанството, вклучително и за работничките кои користеле отсуство поради бременост. Правото на надомест на трошоците поврзани со работа како што е правото на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 40% од основицата под услов работникот да бил вработен најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач. Поточно работодавачот е обврзан во годишниот финансиски план навремено да ја предвиди оваа финансиска обврска како финансиски расход за секоја наредна година.

Хелсиншкиот комитет во јануари 2018 година реагираше на погрешната примена на одредебите на колективниот договор кои се однесуваат на исплата на надомест за регрес на годишен одмор за работниците кои користеле породилно отсуство, кои во Република Македонија се најчесто жените. После ваквата реакција на Хелсиншкиот комитет следеше реакција на претседателот на Организацијата на работодавачи, Ангел Димитров, кој даде погрешно и дискриминаторско толкување на одредбите на колективниот договор кои се однесуваат на исплата на надомест за регрес на годишен одмор, изјавувајќи дека услов за користење на правото на паричен надоместок за регрес на годишен одмор, било "работниците да доаѓале активно на работа 6 месеци", иако во самиот колективен договор воопшто не е така регулирано. После ваквата изјава, Хелсиншкиот комитет повторно побара правилна и воедначена примена на колективниот договор, осудувајќи го погрешното и дискриминаторско толкување на одредбите од колективниот договор од страна на претседателот на Организацијата на работодавачи.

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

**<u>Препорака:</u>** Хелсиншкиот комитет за човекови права ја поздравува ваквата одлука на Комисијата, но апелира на родова сензитивност во толкувањето на општиот колективен договор. Имајќи предвид дека во текот на изминатите 6 години 211 мажи го искористеле правото на отуство поради родителство и се поголемиот тренд на користење на ова право од страна на мажите, сметаме дека правото на исплата на регрес за годишен одмор им следува на сите работници и работнички кои користат отсуство поради бременост и раѓање (односно се на породилно отсуство), а се во работен однос шест месеци кај ист работодавач во календарската година. Апелираме до сите работодавачи во приватниот сектор да ја почитуваат ваквата одлука и да им исплаќаат надоместок за регрес на годишен одмор на сите работници и работнички кои користеле отсуство заради бременост и раѓање, а се во работен однос шест месеци кај ист работодавач во календарската година. Воедно апелираме до Државниот инспекторат за труд воедначено да го применува ваквото толкување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството при вршењето на инспекциските надзори за исплата на надомест за регрес за годишен одмор од страна на работодавачите.

# ПОЛИЦИЈА

## ПОВРЕДА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВДАТА НА ДЕЦАТА ПРИ ПОСТАПУВАЊЕ НА ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИЦИ

До Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, со поплака се обрати полномошникот на малолетно дете од Скопје застапуван од своите родители заради незаконито работење на полициски службеници од полициска станица Аеродром – Скопје. Малолетното дете кое во текот на месец Март било телефонски повикано на информативен разговор како осомничен за извршено кривично дело, кражба на моторно возило- автомобил, кое што управувајќи го истото била причинета значителна материјална штета на трети лица.

Пред сослушвањето од просторијата бил отсранет таткото на малолетното дете, со образложение дека дозволено е да е присутен само еден родител. Малолетното дете било сослушувано спротивно на Законот за правда за децата, член 116 ст. 3 кој гласи дека разговорот со малолетното дете задолжително се води во присуство на неговиот бранител и родителите/или/от, односно законски застапник. Полицискиот службеник кој за повиканото дете изготвил поука за право на бранител обележал дека бранител не е побаран со што го прекршил Законот за правдата на децата.

При сослушувањето инспекторите ги известиле мајката и малолетното дете дека поседуваат фотографија која ќе биде избистрена и дека со истата ќе може да се индетификува ликот на

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

малолетното дете. Мајката поставила прашање како ќе се спореди ликот кога немаат фотографија од нејзиното дете. Во тој момент еден од инспекторите користејќи го својот приватен мобилен телефон го фотографирал малолетното дете со цел да може да биде направена споредбата на фотографиите со што службеникот постапил спротивно од одредбиде од Упатството за начинот и методите за вршење на криминалистичко –техничката регистрација и индетификација на лица и непознати лешеви.

Од страна на полномошникот беше поднесена претставка до Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди за постапувањето на полициските службеници во случајот. Хелсиншкиот комитет се обрати до Секторот за внатрешна контрола со барање за информации за нивното постапување по предметот, по што бевме известени дека наводите на претставката се основани и се преземени мерки на дисциплинска одговорност согласно Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи.

**Препорка:** Хелсиншкиот комитет препорачува полициските службеници со особено внимание да постапуваат и да го спроведуваат Законот за правдата на децата и меѓународните стандарди. Да се грижат за најдобриот интерес на децата, како на осомничените и обвинетите така и за децата жртви и сведоци на криминал.

Со оглед на ниската доверба кај граѓаните во постапувањето на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во случаи на незаконито постапување на полициските службеници, препорачуваме во своите известувања за нивното постапување по претставките на граѓаните да ги наведат конкретно мерките кои ги преземале против полициските службеници во случаи кога утврдиле прекршувања во нивната работа.

## МЕДИУМИ

### ОСУДА НА НАСЛОВНА СТРАНА НА „СЛОБОДЕН ПЕЧАТ"

Во текот на месец март непосредно по еден од одржаните протести пред Собранието на Република Македонија, на насловната страна на изданието на дневниот весник „Слободен печат" од 14.03.2018 објавена беше фотографија на жена учесничка на протестот со наслов „Врмовците ги покажаа забите". Хелсиншкиот комитет за човекови права на РМ најостро ја осудува објавената насловна страница на која фотографијата од жената е ставена во контекст на општествено - политичките случувања. Имено, ваквото објавувањето на фотографија на жена учесничка на протест пред Собранието на РМ со наслов „Врмовците ги покажаа забите"

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

претставува грубо вознемирување на личноста на жената на фотографијата со тенденциозно придавање на карактеристики како што се политичката припадност и социјален статус. Ваквите сензационалистички наслови засновани врз предрасуди претставуваат повод за разгорување на навреди и говор на омраза во јавниот дискурс, опасност за која Хелсиншкиот комитет предупредува во континуитет. Во својата реакција апелиравме до уредништвото на весникот „Слободен печат“ да се извини и на јавноста и лично на жената која е злоупотребена и во иднина, особено во време на чувствителни политички случувања, да се воздржи од злоупотреба на ликот на недолжни граѓани кои го остваруваат своето право на протест. По испратениот апел и реакција, уредништвото на „Слободен печат" се извини на јавноста, иако како што наведе смета дека реакцијата на Хелсиншкиот комитет била неоснована.

**<u>Препорака:</u>** Апелираме до сите медиуми при известувањето и креирањето на вести со користење на фотографии, да се воздржуваат од своеволно придавање на карактеристики и да се задржат на професионалноста во известувањето и уредувањето на весниците. Трагањето по сензационалистички наслови и насловни страни мора да биде во рамки на почитувањето на личноста на граѓаните и незасновано на предрасуди и претпоставки.

## БЕГАЛЦИ, МИГРАНТИ И БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ

Во текот на март и април, 2018 година состојбата во транзитни кампови во Табановце, Куманово и Винојуг, Гевгелија се промени во неколку наврати. На почетокот на март, во кампот во Гевгелија беа присутни околу 47 бегалци со различно потекло, меѓу кои најголем број семејства. Од нив, околу 40тина во текот на претходниот месец поднесоа барање за азил. Поради тоа, во текот на март, во неколку наврати беа пренесени во Прифатниот центар за баратели на азил- Визбегово, Скопје. По нивното заминување, во кампот останаа 6 бегалци со потекло од Авганистан. Патролните тимови од странски полициски службеници се сè уште присутни во Гевгелија.

Симптоматично е тоа што во текот на март, во кампот не беше донесен ниту еден бегалец ни група кои се затекнати по ирегуларните патишта. Причините за тоа се нејасни. Исто така не е познато, дали такви групи не се затекнати од страна на полицијата или пак се директно пренесени кон грчка страна, без да бидат донесени во кампот. Со тоа, се поставува прашањето дали им е обезбедена правна, медицинска и хуманитарна помош.

На 19.04.2018 година, беше донесен новиот Закон за меѓународна и привремена заштита (стариот Закон за азил). Процедурата за донесување на законот беше започната во текот на минатата година, кога Министерството за внатрешни работи го отвори процесот за доставување коментари од страна на засегнатите чинители. Меѓутоа, за законот немаше отворена јавна расправа, иако содржи значителни суштински промени. Позитивно е тоа што

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

со новиот текст на законот се отстранети лошите законски измени од 2016 година (кои се однесуваат на временското ограничување за семејно обединување и одредувањето на безбедна трета земја). Воедно, за прв пат се воведуваат сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи на прогон односно основи за барање азил во државата. Најпроблематичниот дел од законот е можноста за ограничување на слободата на движење на барателите на азил. Имено, законот предвидува можност за ограничување на слободата на движење на барателите на азил во колку ситуации, меѓу кои утврдување на околностите околу барањето на азил, како и постењето на ризик од бегство. Ваквата можност значително ќе го загрози почитувањето на член 5 од Европската конвенција за човекови права. Дополнително, имајќи ги предвид сегашните околности со бегалската криза, ваквата можност може да придонесе до бројни злоупотреби, прекумерно задржување на барателите на азил на територијата на Република Македонија, како и пренатрупаност на прифатните центри.

**<u>Препораки:</u>**

1. На бегалците или мигрантите кои се затекнати по илегални патишта од страна на полицијата, неопходно и задолжително е да им се обезбеди правна помош околу поднесување барање на азил, како и медицинска и хуманитарна помош.

2. Воведените измени во Законот за меѓународна и привремена заштита мора да бидат спроведени со исклучителна внимателност, а мерките за ограничувањето на слободата на движење мора да бидат користени во особено исклучителни околности.

## ПРАВА НА ДЕЦА

### ПОВРЕДА НА НАЧЕЛОТО НА НАЈДОБАР ИНТЕРЕС НА ДЕТЕТО ВО ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

До Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија во месец април се обрати мајка на малолетно лице, ученик во основно училиште во Скопје. Според наводите на мајката, детето се соочува со дискриминаторски однос од страна на просветните работници, педагогот и директорката на училиштето.

Имено, таткото на детето е корисник на дрога, а како последица на тоа детето редовно е вознемирувано од страна на наставниците во училиштето на начин што му се обраќа „ имаш

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

гени како татко ти“ и го испраќаат кај психијатар. Воедно детето е исклучено од воншколски активности, односно училиштето одбива да го однесе на екскурзија, со што врши директна дискриминација поради семејна состојба. Според наводите на мајката, педагогот во училиштето, поради потешкотиите со кои се соочува детето, имал намера да го избрка детето заради недолично однесување, иако тоа го направиле и неколку ученици кои поминале неказнето, па имаме индиции дека спрема ова дете постои нееднаков третман на постапување. Мајката се пожали дека директорката на училиштето ја убедувала да го отпишат детето од училиштето, поради тоа што го одзема вниманието на другите деца и наставниците. Во овој контекст изготвен е Извештај од 07.05.2018 година од ЗД Скопје- Завод за ментално здравје – Младост, во кој е констатирана состојба за која се препорачува педагошка помош и работа со психолог.

Хелсиншкиот комитет за човекови права, постапувајќи по претставката на мајката поднесе барање до Државниот просветен инспекторат за иницирање на вонреден инспекциски надзор заради утврдување на неправилности во постапувањето од страна на училиштето со барање да бидат преземени сите дејствија за кои е надлежен инспекторатот согласно Законот за инспекциски надзор и Законот за основно образование.

Препорака: Дискриминацијата во остварување на правата од основното воспитание и образование е забранета согласно Законот за основното образование. Секое дете има право на образование, а училиштето е должно да обезбеди хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците соодветно со нивните способности. Имајќи го тоа предвид, вработените во училиштето мораат да ги преземат сите мерки во насока на развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки, притоа овозможувајќи околина за меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права.